

**Денови на македонската култура во Истра**

**Интервју со Ангел Митревски: Дијаспората во Хрватска нема финансиска поддршка од Македонија**



# МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Година XXII 2015.
ЈУЛИ – АВГУСТ
SRPANJ – KOLOVOZ
ЦЕНА 5 кн
ISSN 1333-7769
БРОЈ 96

## Вечна благодарност за Штросмаер



## Илинден одбележан во европски дух



## Девет години македонски јазик се учи на Шолта



# PROCULIN®

## Za Vaše oči

### *KAPI ZA OKO
(naphazolinum)
- Kod alergijske upale očiju
- Kod crvenila i svrbeži očiju

1-2 kapi, 4 puta dnevno

### TEARS
(umjetne suze) Medicinski proizvod
- Vlaži i štiti suhe oči

1 kap u oko 2-3 puta dnevno

Prije uporabe pažljivo pročitati uputu

### LENS
(otopina za leće) Medicinski proizvod
- Za sve vrste kontaktnih leća
- Preporučuje se za osjetljive oči
- Antibakterijska kutija

Prije uporabe pažljivo pročitati uputu

**PUTNO PAKIRANJE 100 ml**

**NOVO**

ALKALOID
*Health above all*




OGL-080-02-10-2015-HR

*Prije upotrebe pažljivo pročitati uputu o lijeku, a o rizicima i nuspojavama upitajte svog liječnika ili ljekarnika

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Тинка Барбутов Крстева
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Ана Азеска – Риека
Елена Кипровска Кнежиќ – Задар
Биљана Митревски – Сплит
Михаела Злateска – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Илија Христодулов
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

## ЕХО НА ВРЕМЕТО

### Агол на уредникот
### Urednikov kutak



# Бегалска криза

Ако човекот се учи додека е жив, и ако старецот од приказната, научил од едно мало девојче како да стави на дланка жарчиња, без притоа да се изгори, тогаш политичарите треба добро да се замислат на изјавата на едно мало дете – бегалче од Сирија кое изјави: **„Запрете ја војната во Сирија и нема да доаѓаат бегалци во Европа!“**

Вака размислува едно десетгодишно дете, а како размислуваат оние кои доведоа до ваква ситуација!? На кого му е во интерес да се дестабилизира Блискиот Исток?

Во целата приказна, ни Македонија не остана по страна од бегалската криза од Блискиот Исток. Илјадници бегалци преку ноќ се најдоа пред македонската граница. Со оглед на ситуацијата во блискоисточните земји каде владеат немири и терористите пустошат сѐ пред себе, илјадници луѓе се одлучија да ги напуштат своите домови и да побараат сигурност во Европа. Но, тоа не е така едноставна одлука – да се тргне по патот во непознато. Преку Турција, Грција, Македонија, Србија, Унгарија, Хрватска, Словенија и натаму до Германија и скандинавските земји. На тој пат, видовме многу потресни слики – од удавени несреќни луѓе, меѓу кои имаше и деца, до разделени фамилии, уморни, болни и исцрпени лица, кои со часови и денови чекаат да стасаат до крајната цел. И секако, напливот на бегалците, нивниот број дневно се качуваше до неколку илјади, што доведе до изненадување и неподготвеност некои од транзитните земји да се справат со енормниот број на емигранти. Македонија, на крајот сепак успеа да го надмине овој проблем, па илјадници бегалци беа транспортирани до српската граница.

Емигрантската криза се прелеа и во Хрватска. Надлежните се борат со ново-настанатиот проблем, а хуманоста и овој пат граѓаните во Хрватска ја покажаа на дело – волонтерска работа, собирање на храна, облека, ќебиња...Секако, со големо внимание и благодарност поздравени се обидите и желбата на граѓаните од македонската дијаспора во Хрватска да им помогнат на емигрантите.

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# Без Македонија во ЕУ и НАТО, останува недовршена работата во Југоисточна Европа



*Трета официјална посета на македонскиот претседател Ѓорге Иванов на Република Хрватска*

„Без Македонија во Европската унија и НАТО, останува недовршена работата во Југоисточна Европа, бидејќи нашиот цел простор природно припаѓа на евроатлантските интеграции".

Ова меѓу другото го посочи хрватската претседателка Колинда Грабар-Китаровиќ во Загреб, по средбата со нејзиниот македонски колега, Ѓорге Иванов. Македонскиот претседател на 6 јули беше во официјална посета на Хрватска, каде покрај со претседателката Грабар-Китаровиќ, се сретна и со претседателот на хрватското Собрание, Јосип Леко.

На средбите уште еднаш беше потенцирано дека Хрватска во целост ја поддржува Република Македонија на нејзиниот пат кон ЕУ и НАТО.

- Свесни сме дека проблемот со Грција е билатерален проблем, но наш став е дека поради него, Македонија не може бескрајно да се задржува на тој пат, дека треба да се валоризира сè што прави Македонија, посочи хрватската претседателка на прес-конференцијата на Пантовчак.

Таа истакна дека Хрватска како држава и членка на ЕУ ќе поддржи било каква иницијатива која што ќе може да доведе до решение затоа што заморот кој се појави во Македонија се јавува насекаде во Југоисточна Европа. Грабар-Китаровиќ ја охрабри Грција да ги направи сите напори за да се надмине проблемот и да се изнајде решение.

При остварените контакти за време на посетата на претседателот Иванов на Загреб, беа повторени заложбите на Хрватска, како членка на ЕУ, за поддршка на членството на сите соседи во ЕУ и НАТО, како предуслов за траен мир, стабилност и просперитет на просторот на Југоисточна Европа. Исто така, беше истакнато дека треба да се стави фокус на економското напредување на овој дел на Балканот.

Македонскиот претседател потенцираше дека досегашните блокади укажуваат на голема фрустрираност кај населението во Македонија.

- Очекувањата кои ги имавме со зачленувањето во НАТО се изневерени. Со години сме во чекалната на ЕУ. Очекуваме поддршка од Хрватска, за Македонија да го добие тоа што го заслужува, рече Иванов.

За време на посетата на македонскиот претседател на Загреб, претставници од македонската дијаспора и Заедницата на Македонците во РХ, беа на свечен прием кај хрватската претседателка на Пантовчак, каде претседателите беа информирани за активностите на Македонците во Хрватска, како и нивните напори во зачувувањето на сопствениот идентитет.

Милена Георгиевска



# Македонија е отворена за поддршка на своите сограѓани во Хрватска

*Претседателот на Македонија Ѓорге Иванов, во рамките на својата официјална посета на Хрватска, дојде и во Ѓаково. Целта беше да му одаде почест на големиот пријател на Македонците, Ј. Ј. Штросмаер*



На 7-ми јули 2015 година, претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов, во рамките на својата официјална посета на Република Хрватска, го посети и градот Ѓаково. Посетата се случи во рамките на „Осумнаесеттите денови на македонската култура“, манифестација која традиционално ја организира МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек, но и по повод 200-тата годишнина од раѓањето и 110-те години од смртта на бискупот Ј. Ј. Штросмаер.

„Ова е за нас голем настан“, истакна Борис Трајановски, претседател на Македонското културно друштво „Браќа Миладиновци“ од Осиек кое беше домаќин на оваа средба со високиот гостин. Во својот разговор за Македонски глас тој истакна дека во текот на посетата на Иванов, го запознале македонскиот претседател со работата на Друштвото, но и со нашите потреби.

„Најголема потреба ни е почеста комуникација и соработка со татковината. А за патувања и гостувања во Македонија







немаме доволно средства па го замоливме Претседателот да ни помогне во рамките на своите можности, со што тој се согласи и истакна дека за поддршка на своите сограѓани во Хрватска, Македонија е секогаш отворена", ни рече Трајановски.

## Богата програма

Програмата во Ѓаково беше богата и разновидна: најнапред претседателот Иванов, заедно со сопругата Маја Иванова и со амбасадорката на Р. Македонија во Р. Хрватска, Даниела Карађозоска, имаше средба со градоначалникот на Ѓаково, Зоран Винковиќ, по што придружувани од заменикот градоначалник Мирко Ќуриќ, заменикот жупан Драган Вулин и членовите на МКД „Браќа Миладиновци", сите заедно, се прошетаа низ Ѓаково до Катедралата каде делегацијата ја прими ѓаковечко-осиечкиот надбискуп Ѓуро Храниќ. Надбискупот ги поведе гостите низ Катедралата и ги запозна со нејзината изградба и историја, по што делегацијата се симна во криптата на Катедралата каде што претседателот Иванов и присутните гости положија венци цвеќе на гробот на големиот Бискуп. Овде пригодно, пејачката секција „Вардарки" на МКД „Браќа Миладиновци" ја изведе песната „Молитва" по што долгогодишната членка на Друштвото, Марија Чинчурак, заедно со учeничките по македонски јазик и членки на детската секција „Бисерчиња", Нивес Пландер и Елена Атанасовски, ја изрецитираа „Т'га за југ" на хрватски и на македонски јазик.

„На големо и позитивно изненадување на Претседателот, програмата продолжи и во дворот на Катедралата", продолжи Трајановски. „Овде настапија фолклорната секција „Танец" и хорот „Вардарки" со кореографијата „Билјана платно белеше" и песните за Струга и Ѓаково. Нашите членови, семејството Бољешиќ, со дар го изненадија надбискупот Храниќ кој доби икона со ликот на Алојзије Степинац." На Претседателот Иванов му беше врачена и автобиографијата од Јагода Тренеска Цветичанин. Потоа, надбискупот Храниќ ги поведе гостите во Црвениот салон каде што Иванов истакна дека целта на неговата посета на Ѓаково е да му одаде почест на големиот пријател на Македонците, Ј. Ј. Штросмаер.

## Вечна благодарност за Штросмаер

- Оваа случка, оваа средба меѓу Бискупот и браќата Миладиновци овозможи да се сочува трезорот на македонската поезија, литература и култура. Овде настана Зборникот на браќата Миладиновци. За она што Штросмаер го стори, Македонците му се вечно благодарни, рече Претседателот.

Претседателот Иванов и македонската делегација уживаа и во програмата на домаќините од Ѓаково, во разгледување на Ѓаковачката ергела и „Претстава на коњите со музичка придружба" на која настапија ѓаковечките Липицанери.

Програмата заврши во ресторанот „Сокак" каде Претседателот уживаше во отпуштено дружење. На кусиот состанок со претседателот на МКД „Браќа Миладиновци", Борис Трајановски и со претставниците на македонското национално малцинство за Град Осиек, Јагода Цветичанин и за Осиечко-барањската жупанија, Драгољуб Сиљаноски, тој беше запознаен и со активностите на Друштвото, но и со ангажманот на Македонците на локално ниво. „Не го криеше задоволството од постигнатото", истакна Трајановски и додаде дека од Кабинетот на Претседателот веќе добиле повеќе информации за патувања и соработка со татковината.

Со посетата на Ѓаково македонскиот претседател ја заврши дводневната официјална посета на Хрватска.

Јулијана Тешија

# Слаба застапеност на малцинствата на ХРТ

*Како предлог за решавање на оваа лоша застапеност на националните малцинства во сите сегменти на програмата на Хрватската радиотелевизија, после долга расправа во Советот за националните малцинства на РХ се искристализира старата идеја дека единствено решение е формирање на редакција за национални малцинства во која би се нашле работни места за припадници на националните малцинства и која многу посензибилно би известувала за животот и соживотот на националните малцинства во РХ*



Во Загреб, во просториите на Владата на РХ, на 23 септември се одржа 64. седница на Советот за националните малцинства на Република Хрватска, која по својата содржина беше посветена на извештајот на Хрватската радиотелевизија за произведените, супроизведените и емитираните емисии наменети за информирање на припадниците на националните малцинства во 2014 година.

На состанокот присуствуваше бројна делегација на претставници од Хрватската радиотелевизија и тоа: Драган Николиќ, директор на информативната програма, Жељко Рогошиќ, заменик на директорот на ХРТ, Сања Гвоздановиќ, уредничка на емисијата „Мултикултура“, Даниела Драштата, уредничка на емисијата „Призма“ и Саша Милошевиќ, член на Програмскиот совет на Хрватската радиотелевизија.

Во уводниот дел на состанокот, претседателот на Советот за националните малцинства на РХ, Александар Толнауер, го искажа единствениот став на сите национални малцинства и на нивните претставници дека сите ние не сме задоволни со работата на Хрватската радиотелевизија, а револтот го предизвика и самоволието на Хрватската радиотелевизија која без да праша било кого и без било каква најава го промени долгогодишниот термин за емисијата „Призма“, која е префрлена во утринската програма каде што е многу мала гледаноста.

Анализирајќи го учеството на емисиите посветени на националните малцинства чиј удел во последните година дена падна од 2% на 0,5%, иако застапеноста на националните малцинства во Република Хрватска по последниот попис на жителите од 2011 година изнесува 7,67%, членовите на Советот за националните малцинства на РХ го искажаа и своето незадоволство со застапеноста на националните малцинства на Хрватската радиотелевизија. Иако минатата година беше направен првиот чекор за усогласување на потребите на националните малцинства и можностите на Хрватската радиотелевизија со формирање на растер за потребните емисии со кои би се проследиле поважните датуми на секое малцинство, сепак дојде до застој во реализацијата на оваа идеја и тоа се разбира, од страна на Хрватската радиотелевизија.

Се анализираше и застапеноста на националните малцинства во дневната информативна програма и се проценуваше карактерот на вестите кои и во така малиот број на минути на прилогот се застапени само по лошиот дел од чествувањата, а многу малку или скоро никогаш нема таканаречена позитивна дискриминација во која би се известило за позитивни примери од секојдневниот живот на националните малцинства.

Како предлог за решавање на оваа лоша застапеност на националните малцинства во сите сегменти на програмата на Хрватската радиотелевизија, после долга расправа се искристализира старата идеја дека единствено решение е формирање на редакција за национални малцинства во која би се нашле работни места за припадници на националните малцинства и која многу посензибилно би известувала за животот и соживотот на националните малцинства во РХ.

Биљана Митревски

# Дијаспората во Хрватска нема финансиска поддршка од Македонија

*Република Хрватска со својот Закон за правата на националните малцинства и Законот за образование на јазикот и писмата на националните малцинства, правата на националните малцинства ги изрегулира на еден доста квалитетен начин. Истото ова се однесува и на нас, Македонците, кои навистина можеме на секој начин да бидеме задоволни со сите права што ги имаме. Од друга страна, доколку сакаме да наведеме во колкава мерка и конкретно, со кои средства нè има поддржано нашата матична држава во последните неколку години, ќе дојдеме до заклучок дека е тоа една голема „НУЛА“, вели Ангел Митревски*

Повод за рзговорот со Ангел Митревски, член на Советот за националните малцинства на РХ, потпретседател на Заедницата на Македонците во РХ, жупаниски претставник на македонското национално малцинство за Град Сплит и претседател на МКД „Македонија“ од Сплит, беше неговиот повторен избор за член во Советот, како и новата функција – жупаниски претставник на Македонците во Сплит-ско-далматинската жупанија. Како Македонец со долгогодишно искуство во делувањето на одредени организации кои се директно врзани за остварувањето на правата на малцинствата, тој го изразува задоволството од Хрватска како држава по однос на остварувањата на правата на малцинствата, со одредени забелешки дека со влезот на државата во ЕУ, дојде до една забележителна стагнација во развојот на цивилното општество, па со самото тоа и со правата на националните малцинства во Република Хрватска.



**Многу функции, една цел – подобрување или целосно остварување на правата на Македонците во Република Хрватска. Веќе 20 години сте ангажиран на тоа?**

Моето ангажирање до 2006 година беше само на нивото на обично членство, што подразбираше учество само на прославите, а не и некој посебен ангажман во содржинскиот дел на делување и работа во македонската дијаспора во Република Хрватска. Со доаѓањето на функцијата претседател на МКД „Македонија“ од Сплит, во септември 2006 година почнаа оние девет години во кои навистина дадов сè од себе за подобрување на животот на сите нас, припадници на македонското национално малцинство во РХ. Пред сè, како претседател на Заедницата на Македонците во РХ од 2006 до 2012 година, а како член на Советот за националните малцинства на Република Хрватска од 2007 година до денес и понатаму.

## Стагнација

**Во Советот за националните малцинства, како највисоко тело кое се бави со остварување на правата на малцинствата во Хрватска, директно сте вклучен во неговата работа веќе осум години. Годинава добивте уште еден мандат, што значи уште четири години ќе бидете во неговиот состав. Имате респектабилно искуство. Колку Македонците имаат предност или придобивка што Македонец е член на Советот?**

Самото присуство на Македонец во Советот за националните малцинства на Р. Хрватска автоматски не значи некои големи придобивки или предност за Македонците во РХ. Сè зависи од ангажираноста на самиот претставник, од неговото значење за работата на самиот Совет за националните малцинства и од реномето што истиот го има кај сите членови на Советот, а тоа не се добива со самата функција, туку се стекнува само и само со чесна работа.

**Можете ли да направите компарација со работата на Советот од пред влезот на Хрватска во ЕУ и по тоа? Има ли погодности**

**за малцинствата членството во ЕУ и во кој сегмент најмногу тоа може да се почувствува?**

За жал, можам да го споделам мислењето на повеќето свои колеги од Советот, дека националните малцинства беа „искористени“ како златен тег на вагата за влегување во ЕУ кога сите беа „со полни усти“ со малцинствата, додека со влегувањето на Република Хрватска во ЕУ дојде до една забележителна стагнација во развојот на цивилното општество, па со самото тоа и со правата на националните малцинства во Република Хрватска.

## Образование и црква

**Дали македонското малцинство организирано преку Заедницата, МКД-ата или други организации може да биде задоволно од она што им го пружа Хрватска како држава во зачувувањето на својот национален идентитет, имајќи го предвид искуството со македонската дијаспора од другите земји во регионот, односно нашите соседи?**

На сите свои јавни истапувања, било во пишаните медиуми, на радио или телевизија, секаде го истакнувам податокот дека Република Хрватска со својот Закон за правата на националните малцинства и Законот за образование на јазикот и писмата на националните малцинства, правата на националните малцинства ги изрегулира на еден доста квалитетен начин. Истото ова се однесува и на нас, Македонците, кои навистина можеме на секој начин да бидеме задоволни со сите права што ги имаме. Би поставил контра прашање: Колку наши Македонци од БиХ, Србија, Албанија, Грција, Турција и сл., можат да се пофалат дека имаат респектабилни здруженија во цивилното општество, но кои предлагаат свои членови во Совети и претставници на локално и регионално ниво, и во која од наведените држави слободно се практицира вероисповед од Македонската православна црква и каде се гради нова црква на овие простори, освен во Загреб?

**Во оваа смисла кој проект би можеле да го издвоиме, а да е од капитално значење за нашата дијаспора во Хрватска?**

Пред сè, овозможување на младите припадници на македонското национално малцинство како изборен предмет во основните училишта да го изучуваат македонскиот јазик и култура по „моделот Ц“ и тоа во градовите Загреб, Риека, Сплит, Пула, Осиек, Вуковар и Винковци, а од оваа година и отварање на средни училишта со изборна настава од македонски јазик и култура во Загреб и Риека, се проекти од капитално значење за опстанокот на македонското национално малцинство на овие простори. Исто така, лично сум презадоволен што со помош на средствата на РХ, успеавме да ги отпечатиме двата учебника по кои нашите деца сега ја изведуваат наставата на македонски јазик и култура.

## Поконкретна помош

**Каква е соработката со Република Македонија, има ли матичната држава чувство за македонската дијаспора?**

Начелно и декларативно, соработката со матичната држава Република Македонија, е на задоволително ниво. Меѓутоа, доколку сакаме да наведеме во колкава мерка и конкретно, со кои средства нè има поддржано во последните неколку години, ќе дојдеме до заклучок дека е тоа една голема „НУЛА“. Со големо разбирање за целокупната ситуација во која се наоѓа Република Македонија, мислам дека доколку се има малку повеќе „филинг“ за сето она што го работиме овде, би требале да имаме многу поголема и поконкретна помош од Македонија.


*Високо признание од Македонија за А. Митревски*

**Зошто пропадна интернационалниот дел од Проектот на Шолта, каде деца изучуваат македонски јазик?**

Мислам дека во последната реченица во претходниот пасус дадов одговор и на ова прашање. Секогаш се работи за оној мал „филинг“ на некој „голем“ чиновник во Македонија кој одеднаш одлучил дека на Македонија не и е потребен проект „Шолта Интернационал“. Она што ни остана од тој проект е гордоста дека бевме први кои успеавме такво нешто да реализираме и пред тоа да го стори матичната држава, што ги поставивме никулците за изучување на македонскиот јазик во Република Албанија и во Република Србија, а со тоа ја зајакнавме нашата дијаспора во тие држави.

Милена Георгиевска

# Денот на независноста на Македонија прославен во Загреб






На 14 септември во Кристалната сала на хотелот „Westin“ во Загреб, Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска организираше свечен прием по повод Денот на независноста на Република Македонија. На приемот присуствуваа бројни претставници на амбасади, истакнати личности од јавниот, политичкиот и културниот живот, претставници на македонското и на останатите малцински заедници во Хрватска.

На самиот почеток, пејачката група „Вардарки“ при МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек ги исполни македонската и хрватската химна. Во своето обраќање, амбасадорката на Р. Македонија во Р. Хрватска, Даниела Караѓозоска, меѓу другото рече:

„Во историјата на македонскиот народ и на сите граѓани на Република Македонија, во стремежот, борбата и сонувањата за самостојна држава, три значајни датуми засекогаш ќе останат во историски спомен, а тоа се двата Илиндена, Илинден 1903, Илинден 1944 и 8 Септември 1991 година кога на референдумот над 95 проценти од гласачите се определија за самостојна и суверена Република Македонија.“

„Денес, кога одбележуваме 24 години од овој историски настан, сакам уште еднаш да изразам благодарност и восхит до граѓаните на Република Македонија кои во едно турбулентно време на распаѓање на некогашната СФРЈ излегоа на референдум и со огромно мнозинство ја потврдија идејата, стремежите и определбите на сите оние претходни генерации втемелени во двата Илиндена, а тоа е самостојна и независна Република Македонија како држава на македонскиот народ и на сите нејзини граѓани“, нагласи амбасадорката Караѓозоска и ги повика гостите на здравица и заедничко дружење.



Приемот беше збогатен со две изложби, филателистичко-нумизматичка изложба на стари македонски разгледници и пригодни коверти кои го поврзуваат македонскиот и хрватскиот народ, *Македонија така далечна, а така блиска* на Драгољуб Сиљаноски од Нашице и ретроспективна изложба на слики од осумте циклуси на академскиот сликарски уметник Крунислав Стојановски од Загреб. МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек настапи со фолклорната група „Танец“ и кореографиите *Кумановско поле* и *Билјана платно белеше*, а пејачката група „Вардарки“ и инструменталната група „Т’га за југ“ изведоа сплет на македонски песни.

Е. Петровска

## 8 Септември во Риека

Како и секоја година така и оваа, датумот 8 септември беше резервиран за одбележување на големиот македонски државен празник 8 Септември – Денот на независноста на Република Македонија. Со пригодно дружење, во пријатна атмосфера со македонска музика, Македонците во Риека, но и сите пријатели и членови на МКД „Илинден“, и оваа година не го заборавија најголемиот државен празник на својата татковина, со што докажаа дека сè уште ги негуваат корените на своето потекло. Програмата беше збогатена и со настапот на хорот на МКД „Илинден“, кој за оваа пригода исполни неколку македонски патриотски песни.

А. А.

# Одбележан Денот на независноста и во Задар



Претставничката на македонското малцинство во Задарската жупанија, Мирјана Мајиќ, на Денот на независноста на Македонија на 8 септември организираше прием за сите членови на МКД „Билјана“ и за сите заинтересирани кои сакаа заедно со Македонците да го прослават овој голем македонски празник. Веќе трета година Мајиќ ги брани интересите на сите Македонци во Задарската жупанија, а овој прием кој беше една форма на благодарност, во целост беше покриен од неа, како претставник на македонското малцинство.

Пред присутните, Мирјана Мајиќ изнесе некои историски факти во врска со 8 Септември и објасни зошто овој ден е од толкаво значење за Македонија. Присутните кои немаа големо познавање од македонската историја имаа можност токму оваа вечер да се запознаат со некои нејзини сегменти. На крајот на говорот Мајиќ предложи здравица за Македонија. По официјалниот дел, гостите останаа да се забавуваат во неформално дружење со богата трпеза. Настанот беше медиумски проследен од некои задарски печатени медиуми.

Е. К. К.

# Достојно за 8 септември и во Сплит



Како и секоја година во последните 24 години од прогласувањето на независноста на Република Македонија, членовите на Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит со пријателите и гостите во своите простории го прославија овој голем празник од поновата историја на Р. Македонија. Историски осврт на наведениот ден даде Владимир Апостолски, почесниот претседател на МКД „Македонија“, кој им укажа на сите присутни какво е значењето на овој ден за сите Македонци и Македонки и која беше улогата на првиот македонски претседател Киро Глигоров во тие историски моменти.

По одбележувањето на овој светол настан, сите присутни се приклучија кон пригодната весела закуска богата со многу македонски специјалитети и вина и со изворна македонска музика до касните вечерни часови.

Б. М.

# Чувари на нашето минато



МКД на Истарска жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, го прослави Денот на независноста на Р. Македонија на 12 септември со пригодна програма во општината Медулин. Претседателот на Друштвото, Тодор Брдарски, упати честитки кон сите граѓани на Р. Македонија и кон присутните Македонци. Реферат за независноста на Р. Македонија читаше Андреас Варга, кој нагласи дека сите овие години од 8 септември 1991 година, па сè до денес, Македонија помина и низ доста потешкотии: инфлацијата деветтe години, грчкото ембарго, бегалската криза од Косово и вооружените конфликти во 2001 година. Сепак, таа храбро продолжи напред во остварување на своите стратешки цели.

Македонија не изостана ни во двојазичната збирка песни „Огниште“ од поетеста Милена Златеска. Мешовитиот хор и оркестарот под водство на професорката Бисерка Кухта ги разбија солзите и носталгијата за својот роден крај поттикнати од поезијата на Златеска, па доста од присутните заедно ги пееја песните. И овој пат не изостана истарската култура, михот и поезијата во изведба на Драго Драгузет. Меѓу присутните беше и поетесата Марија Перушко која пишува на истарски дијалект и која рече: „Ние сме чувари на нашето минато, на нашите корени и идентитет, како и на нашата традиција и пишаниот збор кој не смее да се заборави.“

М. З.

# Илинден одбележан во европски дух

*За првпат оваа година, благодарение на одличната соработка меѓу ориентациското натпреварување „Кроација опен“ и МКД „Илинден“ од Риека, најголемиот македонски државен и еден од најголемите верски христијански празници, Илинден, беше одбележан заедно со повеќе од илјада посетители од цела Европа. Причината беше токму ориентациското натпреварување „Кроација опен“, кое на едно место собра точно 573 учесници од 32 земји низ Европа*





За ваквата посебна пригода, како најсоодветна локација беше избран прекрасниот парк-шума „Голубињак“ во Горски Котар, општина Локве, која се потруди да направи еден несекојдневен настан користејќи ги убавините на паркот и да им овозможи незаборавен ден на сите посетители од земјата и од странство. Паралелно со овој настан течеше и чествувањето на големиот македонски празник „Илинден 1903-2015“, којшто по традиција се одржува секоја година во организација на Заедницата на Македонците во РХ и МКД „Илинден“ од Риека, а под покровителство на Советот за националните малцинства на Република Хрватска. На едно место се собраа сите шест македонски друштва од Р. Хрватска што дејствуваат под капата на ЗМРХ за да ги одбележат 112-те години од Илинденското востание.

Уште во раните утрински часови се слушна македонската песна и се заигра македонското оро. На тој начин беа отворени вратите за сите гости за Илинден, но и за сите ориентирци, кои во паркот „Голубињак“ дојдоа од претходно одржаните трки во Северин на Купа, Крк, Црни Луг и Петеховац, така запознавајќи се со сите природни убавини на целата Приморско-горанска жупанија. Македонските песни и ора не стивнаа ниту со почетокот на натпреварувањето, туку беа своевидна придружба на натпреварувачи-







те во трката на средни патеки низ мистичните предели на „Голубињак“.

Македонското знаме продолжи да се вее под силното августовско сонце и за време на поздравните говори на неколкумина претставници на Приморско-горанската жупанија, на Град Загреб и на македонското национално малцинство. Пред присутните се обратија заменикот жупан Петар Мамула, претставничката на градоначалникот на Загреб, Костадинка Велковска, претседателот на Координацијата на советите и претставниците на македонското национално малцинство во Република Хрватска, Томе Апостолоски, како и Тони Штимац, во име на Општина Локве. Посебно обраќање имаше и претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Илија Христодулов, кој е истовремено и претседател на МКД „Илинден“ и потпретседателката Ивона Дуноски-Митев, кои покрај Илинден, ги честитаа и големите хрватски државни празници Денот на татковинската благодарност и Денот на победата. Прекрасното дружење беше надополнето и со гостите од Р. Словенија „Балканика бенд“, кои придонесоа за заокружување на одличното целодневно дружење и чествување на нашиот светол празник Илинден.

Инаку, македонското гравче, како и секоја година, го пропрати и ова одбележување на Илинден.

Ана Азеска



# Илинден прославен на сплитски начин

Како и секоја година и во секоја прилика кога требаа да ги одбележат националните празници од својата блиска и подалечна историја, сплитските Македонци и Македонки со своите пријатели се собраа на 2 август во просториите на МКД „Македонија“ да го прослават еден од најголемите празници во македонската историја.

За значењето на Илинденското востание во историјата на Македонија пред преполната сала зборуваше доајенот на „македонштината“ во Сплит и почесен претседател на МКД „Македонија“, Владимир Апостолски. Тој на свој специфичен начин се потруди на сите да им открие некои нови податоци за целокупната историска ситуација во која се наоѓала тогашната Македонија, како и за причините зошто прерано кренатото востание веќе во почетокот било осудено на неуспех. За своето концизно излагање беше награден со аплауз од сите присутни.



Настанот продолжи со народна веселба со македонски специјалитети и македонски вина. Звуците на акустичната гитара и изворната македонска песна се слушаа до касно во ноќта.

Б. М.

# Десетта седница на Управниот одбор на ЗМРХ



Членовите на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ на 19 јули годинава ја одржаа десеттата седница. Седницата ја водеше претседателот Илија Христодулов. По усвојувањето на дневниот ред и записникот од минатата седница, се поведе дискусија по точките и се донесоа неколку одлуки:

- Се укинува информаторот како точка на дневниот ред на УО и истиот се воведува како задолжителен прилог на полугодишните и годишните извештаи за работата на ЗМРХ и на друштвата, а ќе се проследува до сите по електронска пошта;
- Се усвојува Полугодишниот финансиски извештај на ЗМРХ со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
- Се одредува членарината на редовните членови на ЗМРХ (на МКД-ата) во висина од 50,00 кн за една календарска година; Членарината за оваа година да се уплати на сметката на ЗМРХ до крајот на 2015 година, а од наредната година членарината да се уплатува на почетокот на годината (во месец јануари) за тековната календарска година;
- Се одредува исплата на надоместок за трошоците на ликвидаторот на ЗМРХ во случај да настапи постапка на ликвидација, во висина на реалните службени дневни и патни трошоци (дневници и превоз со автобус или со воз, или исклучително со автомобил за 1,00 кн по км), согласно законите на РХ;
- Се разрешува Тодор Брдарски од членството на Редакцијата на списанието „Македонски глас“ како досегашен дописник од Пула и се именува Михаела Златеска за член на Редакцијата на списанието „Македонски глас“ и за дописник од Пула.

Се дискутираше и за реализацијата на претстојните програми: „Летен камп – училиште по македонски јазик со работилници – Рогач 2015. “ за средношколци и за основношколци, „Илинден 1903-2015“, „Ден на ЗМРХ“, „Рацинов ден – Бели мугри“ во Самобор, „Денови на глаголицата во Истра“, како и за издавањето на книгите и списанието „Македонски глас“. Точките за усвојувањето на новиот предлог на Деловник за работата на УО на ЗМРХ и новиот предлог на Правилник за службени патувања на ЗМРХ, не беа предмет на расправа и се пролонгираа за идната седница на УО.

На крајот, претседателот Христодулов се заблагодари на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек и на претседателот Борис Трајановски за вложениот труд и успешноста во организирањето на „18. Денови на браќата Миладиновци“ по повод годишнината од раѓањето и смртта на Ј. Ј. Штросмаер, а особено за дочекот на претседателот на РМ, д-р Ѓорге Иванов, во рамките на истата манифестација.

Е. П.

# Меѓународна смотра на фолклор во Загреб

На овогодишната *49. Меѓународна смотра на фолклор* што се одржа од 15-19 јули на неколку локации во Загреб, а под покровителство на Хрватскиот сабор, учествуваа бројни фолклорни ансамбли од Хрватска, Косово, Франција, Канада, Германија, Португалија, Ирак, Перу, Шпанија и Македонија, која ја претставуваше македонскиот фолклорен ансамбл „Китка“ од Истибања, Виничко.

Да потсетиме, минатата есен ансамблот „Китка“, исто така, беше во посета на Загреб, при што оствари средба со членовите на МКД „Охридски бисер“, со презентација на македонската фолклорна песна и музика на автентични инструменти како што се гајда, ќемане, кавали, тапани. Овој пат, членовите на МКД „Охридски бисер“ ги следеа нивните настапи на Смотрата, а и на манифестацијата *20. Жетвени свечености* во Запрешиќ. Во рамките на Смотрата „Китка“ одржа и работилница на која граѓаните од нашите фолклорци можеа да научат да играат македонски ора.



Е. П.

# Девет години македонски јазик се учи на Шолта





За овој преубав хрватски остров важи една поговорка: „Да бог да те Шолта допала“. Потекнува од прастари времиња кога островот Шолта бил еден од посиромашните острови во сплитскиот акваториум и значел клетва на оној на кого би му посакал тежок живот со многу труд и маки за да преживееш на овој сиромашен остров.

Оваа поговорка во последните девет години е променета и гласи „Дај Боже повторно да се организира *Шолта*“, а најчесто ја изрекуваат малите припадници на македонското национално малцинство од цела Република Хрватска кои веќе традиционално во јули и август од 2007 година го посетуваат летното училиште на македонски јазик „Рогач Шолта“ во организација на Заедницата на Македонците во Република Хрватска.

Годинава присуството на малите Македончиња на овој остров беше најголем досега. За прв пат, покрај традиционалното летно училиште на македонски јазик за основношколците, беше организирана настава и за припадници на македонското национално малцинство од средношколска возраст. Вкупно во двата турнуса во основношколскиот и средношколскиот проект на Заедницата на Македонците наставата ја посетуваа 101 припадник на нашето национално малцинство.

## „Пајдушко“

Иако по прв пат, наставата во средното училиште беше одржана во првиот турнус заедно со еден дел од наставата од основношколскиот проект, под стручното водство на наставничките Наталија Лековска и Ивана Лазаревска, додека практичниот дел беше изработен под стручен надзор на Биљана Митревски и Милена Златеска со голема помош на останатите водителки од Осиек и Загреб. Втората група беше составена само од „основношколци“ и тоа од оние кои веќе по неколку години ја имаат посетувано Шолта и ја имаа совладано целокупната материја, па од нив и потекна онаа нова поговорка од почетокот на текстов. Во многубројните работилници (ликовни, креативни, музички и сл.) сите се најдоа себе си во некој сегмент кој ги доближи до Македонија како земја на нивните корени. Рогач и самиот остров Шолта никогаш не биле со повесели звуци од оние моменти кога после наученото македонско оро „Пајдушко“ под водство на Наталија Лековска, на бината пред кампот се качија нашите млади девојчиња и пред сите изненадени туристи и домаќини го одиграа орото како да го имаат вежбано со години.

## Слика на Тоше

Да не биде само со орото и музиката, водителките на нашите проекти во договор со сопственците на кампот оваа година организираа двапати вечер на македонската кујна со незаобиколното „тавче гравче“ кое стана најбараното јадење во кампот, сето тоа проследено со македонска музика. За спомен на оваа година, под стручното око на младата уметничка Бојана Младеновска младите учесници на овој проект го насликаа ликот на нашиот трагично починат пејач Тоше Проески во А1 формат. Портретот во иднина ќе го зазема централното место во мензата покрај двата постери со македонски мотиви изработени од останатите учесници на нашето летно училиште.

На крај, како и секоја година – доделување на дипломите, поздрави за довидување, понекоја солза што и ова летно училиште заврши. И да се вратиме на почетокот со: „Дај Боже повторно да се организира *Шолта*“ и пак де се видиме догодина.

Б. Митревски

# Со песна, оро и поезија низ Истра

*„Деновите на македонската култура во Истра“ продолжија, како и секоја година со одржување на концерти во повеќе градови на Истра*


По настапот во Бале

Македонското културно друштво на Истарската жупанија „Св. Кирил и Методиј“ од Пула продолжи со презентацијата на својата култура, организирајќи културни манифестации низ цела Истра. Секоја година членовите на Друштвото запознаваат по некој дел од Истарската жупанија, но и настојуваме барем едно мало делче од нас, нашата култура, нашата традиција, обичаи, нашиот македонски збор да го пренесеме во просторот каде што денес живееме; Истра да нè види, да нè запознае, да ѝ бидеме секојдневно сè поблиски.

Мешовитиот хор и оркестарот, како и литературната секција се претставија со прекрасна програма во „Крцуле“ крај Жмињ на 15 јули. Покрај македонската песна и оро, се слушна и истарскиот мих, а и поезијата на Драго Драгузет, како и песната од шпанскиот писател Луис Де Гонгора, кој ја читаа Андреас Варга на шпански и Тодор Брдарски на македонски јазик. Песната беше посветена и упатена како благодарност на драгиот и почитуван човек, свештеник и директор на Пазинскиот колегиум, д-р Алехандро Кастиљо Хименез.

Како гости настапија КУД „Панче Пешев“ од Куманово, кои по трет пат се вклучени во „Деновите на македонската култура во Истра“. Присутните беа воодушевени од прекрасните песни и ора на кои и сами играа и пееја. Покрај претставниците на КУД „Панче Пешев“, голема чест ни направи и заменичката на градоначалникот на Град Пазин, Мирјана Галант.

Другиот концерт на МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула и гостите од Куманово, КУД „Панче Пешев“, беше одржан во „Бале конoба Лав“ на 16 јули. Оваа вечер песната и орото, а и македонскиот збор на поезијата од Милена Златеска многубројните гости ги кренаа на нога. Иако не ги разбираа македонските зборови, туристите коментираа дека македонскиот народ е чувствителен. Подоцна, на некои заинтересирани туристи им беа преведени зборовите и ги сфатија чувствата и очите полни солзи за родниот крај, за татковина, како што и гласеа стиховите на песната „Македонија“.

Присутните гости и туристите покрај што пееја и играа со нас, се сликаа и со македонското знаме кое гордо се вееше во нашите раце, ја сликаа македонската носија и разменуваа адреси за понатамошен контакт. Оваа вечер многу од гостите ќе ја запаметат, а доживеаното ќе го споделуваат и во својата држава. Овие летни концерти што нашето Друштво ги одржува низ цела Истра ја презентираат Македонија на целиот свет, бидејќи секој турист кој нè гледа и нè слуша, всушност нè претставува и понатака, со своето гледање ја прима нашата култура и традиција, а и со сликите кои веруваме ќе ги видат многубројни нивни пријатели.

Друштвата зедоа учество и на фестивалот „Традин етно“ во Пазин на 17 јули. Меѓу многубројните учесници на фестива-


Концерт во Пазин



Претседателите на друштвата со заменичката на градоначалникот на Пазин



Туристи со македонско знаме

лот од многу краеви од Р. Хрватска и од соседните држави, за прв пат се слушнаа и нашата македонска песна, оро и поезија. И оваа вечер ја проследи заменичката на градоначалникот на Град Пазин, Мирјана Галант, која нè следеше и на поздравната свечена вечера во Пазинскиот колегиум, каде вечерта заврши со поезија.

Михаела Златеска

## КУД „Панче Пешев“ од Куманово



КУД „Панче Пешев“ е достоен наследник на предвоеното работничко КУД „Абрашевиќ“, со своите севкупни квалитети во играње и пеење и разновиден музички репертоар, отсекогаш се одржува на високо ниво и се вбројува меѓу најдобрите во Р. Македонија. Друштвото „Абрашевиќ“ е формирано во далечната 1926 г. По ослободувањето го добива името на познатиот револуционер Панче Пешев. Првата монографија на Друштвото е издадена во 1996 г. на јубилејниот 70. роденден, како и аудио материјал во форма на плоча и касета, а 2006 г. со прославата на 80 години од своето постоење се вбројува меѓу најстарите друштва не само во Македонија, туку и пошироко на Балканот. Идната, 2016 г., ова Друштво ќе го прослави својот јубилеен роденден – 90 години работа, труд и презентација на етно-културата на Македонија.

КУД „Панче Пешев“ има гостувано во бројни земји: Полска, Франција, Бугарија, Италија, Турција, Романија, Унгарија, Србија, Хрватска и на многу други фестивали низ целиот свет. Оваа година успешно го организираше годишниот Концерт на кој гостуваа Фолклорното студио „Етнос“ од Скопје, ѕвездите на „Гранд“ Мартинијан Кирловски и Ивона Јовановиќ, како и естрадните уметници Нино Величковски и Маргица Антевска. Учествуваа и на годишниот концерт на КУД „Гердан“ од Охрид, а гостуваа и на Меѓународниот фолклорен фестивал во Германија, одржан по повод 70 години од CIOFF и 35 години од UNESCO.

Целта на „Панче Пешев“ е доближување на младиот човек до сопственото фолклорно богатство и традиција и почитување на сопственото творештво, а потоа и доближување до творештвото на другите народи, со која цел продолжува да ја шири македонската култура и традиција. Актуелен претседател на Друштвото од 1989 г. е Мирослав Крстевски.

ICC 3D d.o.o.
DEZINFEKCIJA • DEZINSEKCIJA • DERATIZACIJA
Radnička cesta 75 • 10000 Zagreb
tel.: 01/60 40 100 • fax: 01/60 40 103
mob: 091/5251 141
e-mail: icc-3d@icc.hr
Razlika koja se vidi.
Savršeno je moguće.

## ЛЕТНО УЧИЛИШТЕ ВО ОХРИД





# Полни срца и убави спомени

*Секое вакво летување е своевидна авантура и предизвик за учениците, преку активно и корисно исполнето време да откриваат нови хоризонти и раскажат една заедничка приказна за доживеаното ново искуство*

Одморот, дружењето и образованието се главна цел на Летното училиште во Охрид што веќе четврта година по ред го организира Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб за учениците што ја посетуваат изборната настава по македонски јазик и култура во ОУ „Никола Тесла“ во Загреб. Во текот на Летното училиште децата се поблиску до природата и ангажирани на креативен начин се стекнуваат со знаења со кои ја надградуваат наставата во текот на училишната година. Секое вакво летување е своевидна авантура и предизвик за нив, преку активно и корисно исполнето време да откриваат нови хоризонти и раскажат една заедничка приказна за доживеаното ново искуство.

Оваа година Летното училиште траеше од 1 до 9 август, а на пат за Охрид со познатиот жолт Хисаров автобус, тргнаа 14 ученици и две педагошки водителки, Јасминка Можгон Јариќ и Жељка Цветковски. Патот беше долг, но заморот веднаш исчезна кога го видоа прекрасното синило на Охридското Езеро. По сместувањето во хотелот „Конгресен центар“, групата се упати на плажа каде што цело попладне уживаа во најразлични заеднички игри, скокајќи во вода и забавувајќи се со возење на педалинки.

Секоја година прошетките по градот се неизоставни, но и претпладневното учење на македонскиот јазик и култура со професорката по историја Лилјана Гушевска од Скопскиот институт за национална историја. А по учењето, следуваа излетите.

На барање на учениците, излетот со брод до манастирот „Св. Наум“ и изворите на Црн Дрим беше повторен од минатата го-









дина. Воодушевени од убавините на природата, по посетата на гробот на Св. Наум, во манастирската градина тие си направија пикник, а потоа се упатија на плажата и се капеа во езерото. Во друга пак прилика, ги посетија и Билјаниниите извори каде ја отпеаја песната „Билјана платно белеше" и се сликаа покрај 11-метарската реплика на дрвен рибарски брод, која ја изработил столарот Петре Ничевски од с. Коњско, а која по кажувањето на мештаните, е најголема таква реплика во Македонија.

Еден од позначајните излети беше посетата на градот Крушево и Спомен куќата на Тоше Проески. Како објект и композиција, Спомен куќата ја изразува неговата личност и делата по кои беше познат. Крстот како симбол на неговата искрена вера во Господ, бетонот како симбол на едноставноста и долговечноста, стаклото како симбол на човековата ранливост и минливост, и водата како симбол на чистотата на животот со која зрачеше од овој човек. Едно врвно уметничко дело, чиј ентериер се надоврзува со она што е внатре – таму се неговите песни, инструменти, таму е неговиот лик, чувствата, емоциите, таму е човекот кој засекогаш ја задолжи цела Македонија и сите нас. А да биде приказната комплетна, учениците го посетија и манастирот „Свето Преображение" чијашто изградба Тоше ја финансираше и неговото последно почивалиште, каде се помолија и запалија свеќи. Го посетија и гробот на Питу Гули, Музејот на Илинденското Востание и Крушевската Република, каде дознаа нешто повеќе за историјата на Крушево и споменикот Македониум. Посетата заврши со прошетката низ градот и разгледувањето на традиционалната архитектура на крушевските куќи.

Ден по ден, дојде време кога жолтиот Хисаров автобус ги врати учениците во Загреб, уморни, но восхитени и презадоволни од виденото и доживеаното. Нивните срца одново се полни, македонскиот јазик сè полесно се зборува, а сеќавањата на убавите спомени ќе траат уште долго и долго... Фотографиите говорат сè. А идната година, којзнае, можеби повторно ќе ги спакуваат куферите за Охрид!

Е. Петровска





# „Лисистрата“ на Деновите на сатира во Загреб



Во рамките на оводишните *39. Денови на сатирата на Фадил Хаџиќ* во Загреб, на 9 јуни во театарот „Керемпух“ гостуваше скопскиот театар „Комедија“ со претставата *Лисистрата* од античкиот драмски автор Аристофан, а во режија на Наташа Поплавска. Во претставата, премиерно изведена во декември минатата година, главната улога ја играше Јелена Жугиќ, а во екипата се и: Жаклина Петровска, Едмонд Сотир, Кристина Ласовска, Валентин Костадиновски, Зорица Нушева, Илија Илиоски, Нина Деан, Жарко Димоски и Атанас Атанасовски.

Драмата напишана во 411 година п.н.е. е приказна за Атињанката Лисистрата која умее да ја препознае силата на жената и ќе се обиде да ги собере и жените од другите градови со цел да се спротивстави на воспоставениот поредок (владеење на мажите и на војната), да ја разбие традицијата на жените кои никогаш за ништо не одлучуваат и да го искористи сексот како оружје за да донесе мир во државата.

Публиката имаше прилика да види многу интересно и динамично сценско-музичко дело во кабаре стил, со добра глума, многу пеење, танцување и хумор, во кое значајна улога имаа музиката на Огнен Анастасовски и костимите на Елена Лука. *Лисистрата* блесна на сцената, а публиката ја награди со многу аплаузи и бисови.

Е. П.

# Промовирани хрватски преводи на „Зоки Поки“ и „(С)плетени раскази“

Клубот на студенти по јужна славистика А-302 при Филозофскиот факултет во Загреб од 18-22 мај организираше културна манифестација под назив *Денови на не/светската книжевност* со неколку настани, меѓу кои беше и промоцијата на хрватските преводи на изданијата *Зоки Поки* од Оливера Николова и *(С)плетени раскази* од Оливера Ќорвезироска. Промоцијата се одржа на Филозофскиот факултет на 21 мај, веднаш по предавањето на проф. д-р Борислав Павловски на тема *Тешкотии во преведувањето на книжевни дела*.

Во преводот на книгите учествуваа студентите по македонски јазик и книжевност од факултетот: Инес Цебовиќ, Габријела Јагетиќ, Анита Кисиќ, Лана Крстуловиќ, Дијана Малиќ, Ивана Новоселник, Лана Панца, Антонија Рагуж, Теа Тушек и Маја Влатковиќ. За книгите зборуваа проф. д-р Ивица Баковиќ и Инес Цебовиќ, а раскази читаа студентите.

*(С)плетени раскази* од Ќорвезироска е збирка кратки раскази кои се меѓусебно поврзани, а низ сите нив нѐ води хероината Марија Мислева. Расказите се течни, едниот води во другиот, а сепак секој е засебен и единствен, со безбројни синоними, кулинарски рецепти, неологизми, текстови во геометриски облици и со многу други јазични и графички игри. Расказите за *Зоки Поки* од Николова ја одразуваат детската чистота и како такви не се само поучно четиво за децата, туку нудат и на младите и на возрасните поинаков поглед на свет, свет гледан низ очите на детето кое пронаоѓа авантури во обичното секојдневие. Книгата е богата со цртани илустрации изработени од Дарија Јотун, кои можеа да се разгледаат на изложбата поставена во фоајето на факултетот.



Истата промоција беше одржана и следниот ден во загрепскиот книжевен клуб *Букса*.

Е. П.

# Манифестација на патриотски песни во Книн

*Меѓу дваесет поети, кои ги читаа своите поезии на Денот на прославата на дваесет години од воената акција „Олуја“ во Книн, беше и Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“ од Задар*

Прва поетска манифестација на патриотски песни под името „Stijeg slobode“ беше организирана оваа година на 3 август на тврдината во Книн. Иницијатор и главен организатор на целата идеја е книнскиот и задарскиот поет Никола Шимиќ Тонин кој на овој начин, преку уметност сакал да ѝ оддаде почит на Хрватска и на градот Книн кој е од големо историско значење за оваа земја. Негов соорганизатор е поетот и уметникот Анте Надомир Тадиќ Шутра. Симболиката е повеќе од јасна, дваесет поети ги читаа своите поезии на Денот на прославата на дваесет години од воената акција „Олуја“.

На манифестацијата настапија поети од Хрватска и од Босна и Херцеговина, а на специјална покана на иницијаторите на Поетската вечер настапуваше и Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“ од Задар. Мајиќ пред бројната публика се претстави со поезијата „Да заборавам“ со патриотска тематика од збирката „Песни од душа“. Нејзиниот настап ја воодушеви публиката особено кога таа ја прочита поезијата и по втор пат на македонски јазик. Претседателката на Република Хрватска, Колинда Грабар-Китаровиќ ја препозна вредноста на настанот и го поддржа со своето покровителство. Таа прва се обрати пред присутните, а натпреварувачкиот дел го отвори градоначалничката на Книн, Јосипа Римац.

Самата манифестација е замислена да се одржи во два дела. Оваа прва вечер беше насловена по стиховите на поезијата на Анте Надомир Тадиќ Шутра – „Стина прадидова“, каде дваесет поети ги читаа своите дела од кои само пет ќе продолжат во втората вечер, предвидена за 12 ноември оваа година во Пакоштане. Во жирито кое одлучуваше кои песни одат во вториот круг се најдоа: Никола Шимиќ Тонин, Анте Надомир Тадиќ Шутра, Жаклина Кутија, Марко Перковиќ Томпсон, Јосо Некиќ, Драган Глигора, Иван Пехар и Давор Јашек. Меѓу поетите пак кои настапуваа, се најдоа имињата на Анте Сикириќ, Анте Грегов, Фабијан Ловриќ, Јулије Јеласка, Анита Мартинац, Анка Максан, Динко Шкевин, Звонко Чулина, Миљенко Буљац, Славко Клапан, Фране Билиќ, Младен Бараба, Бранка Млинар, Лорена Краљев, Зоран Јуришиќ, Катарина Павичиќ, Мате Буљубашиќ, Стипан Медведовиќ, Адолф Полегубиќ и секако, Мирјана Мајиќ. Со својата песна за шибенските бранители посебен впечаток кај публиката остави Динко Шкевин, текстописец и уметник.



Настанот доби голема поддршка и од градот Задар, кој ги покри трошоците за патување до Книн.

Елена Кипровска Кнежиќ




UGO COOL SERVIS j.d.o.o



Specijalizirani servis za održavanje, ugradnju i servisiranje ugostiteljskih aparata (rashladnih komora, hladnjaka, klima uređaja, konvektomata, perilica posuđa, kuhinjskih napa, električnih i plinskih štednjaka i pećnica, aparata za kavu te ostale ugostiteljske opreme)

**Tel.: ++385 1 6040 103; Faks: ++385 1 6040 100; E-pošta: ugocool@icc.hr; Mob.: 099 676 2859**

# КК „Младост“ од Битола на гости во Задар



На 3 јули МКД „Билјана“ имаше задоволство да угости дел од раководството на КК „Младост“ од Битола. Кошаркарскиот клуб „Младост“ престојуваше неколку дена во Задар по повод кошаркарскиот турнир „Воштарница“ на кој учествувале веќе три пати до сега. Пријателството со задарскиот КК „Воштарница“ датира од 2008 г. кога двата клуба земаат учество на турнир во Марсеј. Веќе три години наназад КК „Воштарница“ учествува на Велигденскиот турнир во Битола кој се одржува традиционално, секоја година една недела после православниот празник Велигден. Велигденскиот турнир е меѓународен турнир на кој учествуваат клубови од Хрватска, Бугарија, Србија и од останати земји од регионот, како и од многу градови од Македонија.

Инаку, КК „Младост“ Битола постои од 1997 г. и бил 4 пати шампион во младинска категорија во Македонија. Од 2002 г. секоја година учествува на барем еден меѓународен турнир. Во 2011 г. клубот се здобива со титула шампиони во женска кадетска конкуренција на турнир во Франција. Брои околу 350 членови и е избран за најдобар младински клуб во Битола. Во просториите на МКД „Билјана“ дојдоа да нè посетат претседателот на клубот Горјан Стојаноски, секретарот Владимир Прчков, директорот Ванѓел Христов, тренерот Александар Милевски и докторот на клубот Зоран Поповски. Членовите на МКД „Билјана“ имаа прилика да се запознаат и поразговараат и со задарската кошаркарска легенда Умберто Пиазеволи кој е шеф во Училиштето за кошарка во Задар, како и со Томислав Кларица, претседател на КК „Воштарница“ кој има македонско потекло. Гостите изразија огромно задоволство за престојот во Задар и за приемот во МКД „Билјана“. Како подарок за Друштвото оставија брошури и книги, а претседателката на МКД „Билјана“, Мирјана Мајиќ, возврати со подарок книги од македонски автори издадени преку Заедницата на Македонците во РХ, како и со изданија од списанието „Македонски глас“.

Е. К. Кнежиќ

# Македонците од Театроск со настап во Задар

Меѓу многуте концерти, театарски претстави и танцови настапи, веќе две години по ред се издвојуваат тие, членовите на „Театроск“ кои имавме прилика да ги видиме на Калеларга. Со желба да дознаеме нешто повеќе за овие Македонци кои воодушевуваат со своите уметнички настапи, поразговаравме со основачот на оваа трупа Бојо Цветановски, дипломиран пантомимичар и режисер. Во разговорот откривме што е всушност Театроск.



Се работи за театарска продукција на улични театар која првенствено работи во полето на оваа уметност, но и во полето на класичниот театар, промоции, реклами и слично. Театроск како продукција за прв пат е отворен во 2010 година кога морале да се пријават како продукција на уличниот фестивал „Cest is D Best“ во Загреб. До тогаш групата работела под најразлични имиња, а егзистира од 2007 година.

Театроск е веќе пет години дел од фестивалот „Cest is D Best“ во Загреб. Што се однесува до Задар, каде групата зема учество во дводневниот фестивал на улична уметност „KalelargArt“, Бојо вели дека се работи за одличен град за ваквите перформанси, а до сега групата работела во Сплит, Трогир, Макарска, Пореч, Пула и Вараждин. Плановите на Театроск за во иднина се секако да земат учество во многу фестивали во Европа меѓу кои и оние во Хрватска, за која Бојо вели дека му е втора матична земја во која тој е постојано присутен.

Е.К.К.

# Осма годишнина од несреќата на Тоше Проески



Република Македонија и Република Хрватска имаат нераскинливи врски. Една од нив која ја испишува поновата историја е поврзаноста на Нова Градишка со Македонија, односно Крушево, а во епицентарот на ова проврзување е трагичниот настан кој се случи пред осум години на 16 октомври, кога во сообраќајна несреќа животот го загуби нашата поп икона, Тоше Проески. На овој ден се присетуваме како во Хрватска, така и во Македонија, со низа активности во чест на Тоше. Секоја година се организира почесниот ултрамаратон, а овој октомври трчаа петанесет млади личности.

- Сите овие години во Нова Градишка од Македонија доаѓаат ултрамаратонци, кои на еден ваков спортски начин ја поврзуваат Нова Градишка со Крушево. Заедно со фановите на Тоше и претставниците од Туристичката заедница му оддаваме почит на Тоше кај спомен обележјето во близина на Електротехничкото училиште во Нова Градишка, изјави градоначалникот на овој хрватски град, Жељко Биговиќ.

Новоградишките ракометни ветерани шест години организираа Меморијален ракометен турнир, а оваа година хрватските ракометари заедно со претставници на Градот Нова Градишка отпатуваа во Крушево, да му се поклонат на гробот на Тоше во неговиот роден град.

Македонската амбасадорка во Република Хрватска, Даниела Караѓозоска и годинава се поклони на местото каде Тоше во Хрватска го загуби животот. Заблагодарувајќи се на градоначалникот на Нова Градишка и неговиот тим за тоа што го чуваат споменот на Тоше од заборав, амбасадорката Караѓозоска меѓу другото нагласи: „Цела Македонија жали за овој млад музичар, но и вие сте дел од неговиот живот. Чувствувам дека цела Хрватска го почитува и благодарна сум на тоа."

На трагичниот настан се потсетија и македонските културни друштва во Хрватска, кои на пригоден начин му оддадоа почит на нашиот Тоше.

М. Г.

# „Танец" од Осиек во Липовљани и Ступнички кути

Фолклорната секција „Танец" на МКД „Браќа Миладиновци" ова лето беше на два настапи, а вредно се спрема и за трет.

**На 23 јули** „Танец" беше на гости во Липовљани на манифестацијата „Липовљански средби". Оваа, сега веќе традиционална средба на претставници на различни национални малцинства од цела Хрватска, беше во знакот на Хрватско-чешкото пријателство, траеше три дена и имаше богата програма. Почесна гостинка на прославата беше претседателката на Република Хрватска, Колинда Грабар Китаровиќ, како и бројни високи гости од Хрватска и од Чешка.

Во своето обраќање до присутните, Претседателката на Хрватска истакна дека Липовљани се одличен пример на соживот и дека во Хрватска живеат дури



22 различни национални малцинства.

Во забавниот дел на програмата настапија Маја Шупут, Нина Краљиќ и Мирослав Шкоро, а во традиционалниот дури десет друштва на национални малцинства меѓу кои и секцијата „Танец" на МКД „Браќа Миладиновци".

Осиечаните се претставија со кореографијата на Мирта Гало „Кумановско поле", а ги посетија и изложбата на Франц Кафка и етно штандовите на останатите друштва.

**На 29 јули** членките на фолклорната секција „Танец" на МКД „Браќа Миладиновци" настапија во Ступнички кути, прекрасно посавско село во Бродско-посавската жупанија. Смотрата на фолклорот „Славонија во срце и душа" по четврти пат ја организира КУД „Граничар", а настанот го отвори свечената поворка составена од гости од речиси сите делови на Славонија.

Нашите разиграни членки настапија со „Билјана платно белеше" во кореографија на водителката на секцијата Мирта Гало.

Бројните посетители беа пречекани со музика, танци, но и локални специјалитети, но нашите членови по настапот топло ги пречека и нагости семејството Брадариќ, чија сестра е членка на нашето Друштво. Благодариме од срце!

Јулијана Тешија

# Реализирани сите активности предвидени со Програмата

*На Редовното годишно собрание на МКД „Илинден“ меѓу другото, стана збор и за отпочнување на настава по македонски јазик како изборен предмет и за средношколците*



На 5.9.2015 г., МКД „Илинден“ од Риека во своите простории ги собра сите свои редовни и почесни членови, но и сите заинтересирани медиуми, за одржување на Редовното годишно собрание на Друштвото. Почетокот на Собранието беше означен со настапот на хорот при МКД „Илинден“ од Риека, кој ги отпеа химните на Р. Хрватска и на Р. Македонија.

Поздравен говор одржа претседателот на МКД „Илинден“, Илија Христодулов, заблагодарувајќи им се на сите оние кои на било каков начин придонеле во работата на „Илинден“. Потоа следуваа точките од дневниот ред. Членовите едногласно ги изгласаа Ивона Дуноски-Митев за записничар, а Гордана Квајо и Александра Пилчиќ за верификатори на записникот. Исто така, прифатен беше и предлогот на местото на двајцата поранешни членови на Управниот одбор, кои веќе не може да ја извршуваат таа должност, да се назначат Илија Младенов и Ванѓа Калиќ. Финансискиот дел, односно извештајот за приходите и расходите на Друштвото во текот на 2014 г., ги преставила потпретседателката Ивона Дуноски-Митев и нагласи дека реализираната активност се однесува на сите прослави по повод големите македонски празници, но и на сите настапи на хорот при МКД „Илинден“. Ги претстави и Планот и програмата за 2015 г. притоа појаснувајќи дека се земени предвид сите активности на Друштвото што се реализирани и што се планира да се реализираат до крајот на 2015 г. Претпоследна точка од дневниот ред беше поврзана со измената на Статутот на Друштвото, којшто мора да биде усогласен со новиот Закон за друштва, а кој едногласно беше прифатен од сите присутни членови. Претседателот Илија Христодулов беше избран за ликвидатор.

За крај на ова годишно Собрание беше оставена точката разно, во која претседателот Христодулов информираше за почетокот на дополнителната настава по македонски јазик во основното училиште „Центар“ во Риека, како и за одобрението што се чека од Гимназијата на Сушак за отпочнување на настава по македонски јазик како изборен предмет и за средношколците. Михајло Давчевски, пак, ја спомена новата книга на универзитетскиот професор Горан Калоѓера „Македонците во ПГЖ“ и изрази желба за вклучување на сите 508 Македонци од Приморско-горанската жупанија во работата на Друштвото.

Ова годишно Собрание на МКД „Илинден“ заврши како и што започна – со пригодна програма на хорот, кој изведе уште две македонски изворни песни.

Ана Азеска



## „Između mora i neba“

Последниот ден од јуни 2015 година просториите на МКД „Илинден“ од Риека беа резервирани за самостојната изложба на фотографии на Ивица Комадина под наслов „Помеѓу морето и небото“ (Između mora i neba). Свеченото отворање беше на 30 јуни, а изложбата продолжи во наредните неколку денови.

За време на отворањето свое излагање имаше Ервин Дубровиќ, музејски советник и директор на Музејот на Град Риека, кој упати пофални зборови за делото на Комадина, а целокупното отворање помина во мошне пријатна атмосфера со коктел, дружење и уживање во прекрасните фотографии.

А. А.





## Петровден во Долни Дубрави

На покана на СКД „Просвјета“, пододбор Долни Дубрави, хорот при МКД „Илинден“ од Риека зеде учество во манифестацијата организирана од Српското културно друштво во Риека по повод чествувањето на големиот верски празник Петровден по јулијанскиот календар. На 11 јули македонскиот хор ги почести домаќините, но и сите присутни, со најубавите македонски изворни мелодии, меѓу кои „Јас сум мома охриѓанка“, „Прошетал Димчо“, „Назад, назад Калино моме“, „Битола мој роден крај“, „Јовано, Јованке“, „Бело лице љубам јас“ и, секако, на барање на организаторите антологиската „Зајди, зајди“. Атмосферата беше прекрасна, а СКД уште еднаш се покажа како одличен организатор и како гостопримлив и љубезен домаќин.

А. А.

## Со дружба на св. Матеј

Уште еден верски празник беше повод за заедничко дружење и прослава на СКД „Просвјета“ и МКД „Илинден“ од Риека. Овој пат станува збор за празникот на св. Матеј, кој според грегоријанскиот календар се празнува на 19 септември. Поканата пристигна од СКД „Просвјета“ пододбор Вишково, кое не случајно го организираше овој настан, со оглед на фактот што св. Матеј се смета за заштитник на оваа риечка општина. Свечената манифестација се одржа во Домот на хрватските бранители на Вишково, каде што хорот на МКД „Илинден“ имаше свој настап со неколку македонски изворни песни. Настанот помина во одлично расположение и уште еднаш ја покажа добрата соработка на македонското друштво со друштвата на другите малцинства на подрачјето на Приморско-горанската жупанија.



А. А.

# Штипскиот градоначалник гостин на Св. Дује



Пријателството помеѓу двата града – пријатели, Штип и Сплит, почнува веќе од седумдесеттите години на минатиот век. Многу пријателски средби се одржани за ова време помеѓу актуелните власти на двата града. По завршувањето на војната во Хрватска, Македонците – членови на Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит, го иницираа повторното зближување на овие два града, што веднаш даде резултати.

Како продолжување на оваа традиција, градоначалникот на Штип, Илчо Захариев, присуствуваше на прославата по повод Денот на Град Сплит, Св. Дује. Иако во тој момент Македонија се соочуваше со голема политичка криза, градоначалникот Захариев ја прифати поканата на сплитскиот градоначалник Иво Балдасар за дводневна посета на градот Сплит.

Штипскиот градоначалник присуствуваше на свечената седница на Градскиот совет на град Сплит, а исто така и на свечената процесија посветена на сплитскиот заштитник Св. Дује. И покрај бројните обврски, тој успеа да оствари и средба со сплитските Македонци во просториите на МКД „Македонија“ од Сплит, каде се задржа во долг и пријателски разговор со нашите претставници.

Б. Митревски

# Македонскиот балет „5 до 12“ ја крена на нозе сплитската публика

Светски познатиот македонски балетен кореограф Игор Киров оваа година ѝ се претстави на сплитската публика со балетната претстава „5 до 12“, последна премиера на овогодишното „Сплитско лето“.

Судбината како да сакаше да се поигра со самото име на балетот „5 до 12“. Како што кажува самото име, се работи за претстава која за тема ги има навиките на луѓето од овие простори, а тоа се „сè да се решава во 5 минути до 12“, а многупати и во 5 после 12. Имено, претставата беше планирана да се изведе на летната сцена на сплитскиот Сустипан, но поради лошото време до последниот момент не се знаеше дали истата ќе се одржи таму или пак ќе се пресели во Хрватскиот народен театар Сплит. Сепак, времето ја награди храброста на кореографот и на сите учесници кои одлучија претставата да се одигра на отворено.



Киров во својата претстава го постави балетот со 12 сцени на кои имаше 12 играчи на балет и низ прикажаната ни прикажа шест периоди од човечкиот живот од раѓањето до смртта. Како потврден патриот, Игор за својата претстава ја одбра музиката на својот сонародник Кирил Џајковски, кој ја комбинираше електронската и македонската традиционална музика, додека пак костимографот Александар Ношпал ги обликуваше костумите како стилизирани македонски народни носии. Сето ова наиде на фантастичен прием кај сплитската публика.

По едночасовната изведба долготрајниот аплауз го потврди добриот прием на оваа балетна претстава. Игор Киров, единствен македонски кореограф за балет, докажан и признат во земјата и во странство, и овој пат успеа да ја вклопи чудесната македонска етно музика во балетен израз и на вистински начин да ја промовира македонската култура и традиција.

Утредента, Киров со комплетниот ансамбл на ХНК Сплит полетаа за Охрид каде настапија со истата претстава на овогодишното „Охридско културно лето 2015“.

Б. Митревски

# Фестивал на европскиот краток расказ



Во организација на Хрватското друштво на писателите, од 31 мај до 5 јуни годинава на неколку локации во Загреб и Риека се одржа *14. Фестивал на европскиот краток расказ*, на кој учествуваа бројни познати имиња од светската книжевна елита. Овој најстар европски фестивал по содржина ја следеше темата *Америка*, поделена на два континентна, спротивставена и соединета – низ историјата, јазиците, идеологиите и океаните.

Фестивалот соедини интерконтинентални книжевници од Ирска, Австрија, Шпанија, Велика Британија, Мексико, Перу, Аргентина, Канада, Србија, Македонија и Хрватска. Македонија ја претставуваше проф. д-р Венко Андоновски, еден од најпознатите и најчитани македонски писатели, раскажувач, романсиер, драмски автор, поет, есеист и книжевен теоретичар, редовен професор на македонската и хрватската книжевност, наратологијата и културологијата на Филолошкиот факултет во Скопје, добитник на сите македонски награди за проза и драма, како и на меѓународната награда *Балканика* за романот *Папокот на светот*.

Заедно со модераторот Круно Локотар и младиот хрватски писател Марко Грегур, проф. Андоновски учествуваше во разговорот и читањето на 1 јуни во Градската библиотека Самобор. Следниот ден на 2 јуни, на трибината одржана во библиотеката „Богдан Оризовиќ“ во Загреб, модераторот Роман Симиќ Бодрожиќ, инаку директор и уредник на фестивалот, разговараше со Давид Албахари, Јосип Нoptions Новаковиќ, Никола Петковиќ и Венко Андоновски на темата *Прекуокеански приказни*, за книжевните и културните влијанија од Америка, за преведувачите, за писателите и трендовите, за Маркез, Борхес, Карвер и Селинџер, за прашањето колку раскази доаѓале преку океанот во нашата книжевност и ја менувале, и што ни значи американската книжевност денес.

Е. Петровска

# Жената во македонската песна





Женската вокална етно група „Езерки“, која слави 20 години од основањето, со својот репертоар на познати македонски народни песни ги почести и граѓаните на Запрешиќ. На покана од Музејот „Матија Скурјени“, на 13 мај со концерт ја одбележаа јубилејната годишнина од своето богато творештво. Велат дека почетокот им бил спонтан и пееле за своја душа. Денес се на едно повисоко ниво, со издадени пет албуми и во соработка со многу познати естрадни имиња. Темата на овој концерт беше Жената во македонската песна, како гласи истоимениот наслов на книгата на претседателката на Хрватско-македонското друштво, Јудита Реј Худечек, што излезе од печат во 2009 година и во која можат да се најдат текстовите на песните што ги интерпретираат.

На концертот, кој помина во пријатна и опуштена атмосфера, присуствуваше и амбасадорката на Р. Македонија во Р. Хрватска, Даниела Караѓозоска, и во своето обраќање истакна дека неизмерно ја почитува и цени работата на „Езерки“, како и нивниот придонес во промоцијата на македонската култура во Хрватска и пошироко.

Е. П.

# Есенција на егзистенцијата

На 30 јуни во загрепската галерија *Лауба* беше отворена изложбата под наслов *Есенција на егзистенцијата* на 25 македонски современи уметници. Изложбата беше презентирана од кураторите Ана Франговска, Маја Чанкуловска Михајловска, Горанчо Ѓорѓиевски и Миа Јовановска од Националната галерија на Македонија.



Кураторите посочија дека станува збор за уметнички концепт кој се обраќа кон разни сфери од секојдневието, од животот, постоењето, перцепции кои од различен аспект приоѓаат кон суштината на ентитетот, на опстојувањето, на функционирањето. Изложбата содржи различни медиуми за визуелна експресија: сликарство, графика, скулптура, објекти, фотографија, видео проекции, дигитални принтови, перформанси, звучни инсталации...

На изложбата свои дела презентираа: Исмет Рамичевиќ, Методи Ангелов, Атанас Ботев, Вана Урошевиќ, Ирена Паскали, Александар Станковски, Велимир Жерновски, Ѓорѓе Јовановиќ, Марија Сотировска, Дијана Богдановска, Игор Сековски, Славица Јанешлиева, ОПА, Михаела Јовановска, колектив Зеро, Димче Димески, Игор Тошевски, Гоце Наневски, Дарко Алексовски, Крунислав Стојановски, Зени Балажи, Мирна Арсовска, Зорица Зафировска, Александар Спасоски и Жанета Вангели. Секој од нив, допирајќи ги точките на есенцијалностите на егзистенцијата на различни начини и од различни перспективи, на посетителите им пружија достоинствен поглед на современата македонска уметност.

Во Загреб изложбата беше отворена до 26 јули, а истата ќе биде поставена и во декември во Скопје, во Националната галерија на Македонија.

Е. П.



# Добрата смеа ни е најпотребна

Едночасовниот квалитетен стенд-ап хумор на 20 мај го наполни загрепскиот Клуб на комедијата *„Студио Смијеха“*. Настапот насловен *„Mac Greek – Whouzo“* беше на англиски јазик, а го изведуваа познатите стенд-ап комичари Катерина Врана од Грција и Никола Тодороски од Македонија. Во ваквата несекојдневна комбинација на врвни уметници, присутните имаа прилика да уживаат во незаборавна атмосфера на заразна смеа, па дури и оние кои не го разбираат добро англискиот јазик.

Охриѓанецот Никола Тодороски е афирмиран актер и сценарист, вработен во Народниот театар во Охрид, а на македонската јавност и стана познат преку ТВ серијата *Македонски народни приказни*. Но, негова страст е стенд-ап комедијата. Иницијатор е за формирање на професионален театар во Охрид и основач на охридската стенд-ап сцена. Креатор е на *Идиотека*, една од првите веб-комедии во Македонија, која се базира на стенд-ап хумор. Материјалот со кој настапува се состои од теми кои се лично врзани со него и секако, блиски до публиката. Настапува по бројни клубови и сали низ Македонија, Европа и Балканот со неговиот оригинален материјал. Тодороски е првиот македонски стенд-ап комичар кој настапил во популарниот стенд-ап клуб *„Comedy cafe“* во Амстердам.

Занимавањето со хумор е многу сериозна работа. За да предизвика смеење кај публиката, интерпретаторот вложува максимум напор и вештина. А добрата смеа ни е најпотребна, таа ни го лечи и телото и душата.

Е. П.

# Чување и негување на македонската култура во иселеништвото

*Важен дел од македонското творештво од Славонија претставено на овогодишната „Иселеничка културна средба“ во Македонија*



На 23 јули 2015 година, Агенцијата за иселеништво на Република Македонија ја организираше овогодишната „Иселеничка културна средба“ во амфитеатарот на Министерството за надворешни работи на Република Македонија, на која се промовираа активности поврзани со чување и негување на македонската култура во иселеништво од страна на претставници на иселеници и иселенички организации.

Во поздравниот говор, претседателот на Агенцијата Васил Наумов рече дека годинава одлучиле „Иселеничката културна средба“ да има поведар карактер проткаен со поезија, романи, автобиографии и презентација на творештво на иселениците од Шведска, Данска, Германија, но и претставувања на повеќегодишната настава по македонски јазик во Канада и Словенија, работата на ансамблот „Македонка“ од Торонто, на Македонско-австралискиот театар од Сиднеј и слично. Меѓу другите, беше претставена и автобиографијата „40 години во знакот на поврзувањето и клавирскиот мозаик“ на Јагода Тренеска Цветичанин од Осиек, Хрватска, претставничка на македонското национално малцинство за Град Осиек.

„Ова беше извонредна можност за претставување на нашето творештво и ангажман во родната Македонија“, рече Тренеска Цветичанин која истакна дека токму со пишување, собирање, чување и публикување на активностите и сеќавањата „ја негуваме македонската самосвест и самочувство, како и љубовта кон татковината создавајќи нови пријателства помеѓу двете татковини, Хрватска и Македонија“.

Во своето петнаесет минутно излагање таа посебно се осврна на третиот дел од книгата, нејзиното 20 годишно „македонствување“ во Осиек и Хрватска, кое беше зачинето со музички илустрации од ЦД-то во книгата.

„Ме израдуваа позитивните пораки коишто ни беа упатени од страна на Агенцијата за иселеништво на Република Македонија, но и од претседателот Ѓорге Иванов кој во своето обраќање истакна дека ние во дијаспората сме „живата врска на Македонија со светот“, „македонски амбасадори на полето на културата, уметноста, образованието, добротворството и спортот“, „пример за оваа и за идните генерации“. Од друга страна, Цветичанин истакна дека се согласува и со коментарот на Иванов „дека се делиме, наместо да соработуваме. Претседателот нагласи дека само сплотени можеме да ја оствариме заедничката визија – со тимска работа да ја направиме Македонија подобро место за живеење; ова треба да биде наше мото насекаде во светот, но и во нашата Хрватска“, заклучи Цветичанин.

На овој настан му претходеа уште две содржини кои го привлекоа вниманието на иселениците. На 21 јули, во Клубот на пратениците, во рамките на проектот „Македонија памети“ претседателот на Р. Македонија Ѓорге Иванов додели „Повелби на Република Македонија“ на пет заслужни организации од дијаспората. Следниот ден, на 22 јули иселениците уживаа во целовечерниот концерт на наградениот ансамбл „Македонка“ од Торонто.

Јулијана Тешија

# Повторно да се родам, би бил она што сум

*Вака вели Аки Рахимовски, кој годинава со познатата група „Парни ваљак“ одбележува 40-годишна музичка кариера. А најдобра потврда за нивниот успех се преполните сали на концертите. „Концертот е успешен кога публиката во еден здив го доживува и ужива. Кога за миг ќе помине вечерта и ќе дојде крај на настапот. А ние се трудиме сите овие години тоа и да им го понудиме“, вели Аки. Дека е тоа така потврди и последниот концерт што го одржаа во Шибеник на 5 септември*




„Пред 40 години ме побараа на телефон во Скопје: Доаѓај за Загреб! И така се најдов 700 милји од дома“. Со овие зборови на славеничкиот концерт во Шибеник, ѝ се обрати на бројната публика фронтменот на популарната група „Парни ваљак“, Аки Рахимовски. Пред настапот, кој беше во знакот на 4-деценискиот музички опстанок, поразговаравме со загрепскиот Македонец Аки за „Македоски глас“, при што се задржавме на почетоците во музичките води, на животот поминат во Скопје, на напредокот во кариерата. „Моите 19 години поминати во Скопје ми се најубавите“, дециден е Аки.

**Кога застанувате на сцена што очекувате од публиката?**

Можеби подобро е да се рече што публиката очекува од нас. Ние имаме едно богатство на песни и имаме четири генерации на луѓе што нѐ слушаат, од дедовци до внуци. Во Шибеник немаме свирено 14 години. Летово имавме настапи на Хвар, во Црна Гора, па во Дубровник. Настапуваме со акустични концерти во ЗКМ без струја. Така нашиот репертоар од таа акустика е многу популарен. Некои од песните добија, така да кажам, нов штоф и ги изведуваме во нова верзија. Други, пак, песни не би можеле да бидат изведени на овој начин, не сакавме да ги скрнавиме.

**Во што е тајната на успехот толку време да се опстане на музичката сцена, да се биде сѐ уште така популарен? Сѐ уште настапувате со невидена енергија!**

Едноставно – Господ ќе ти даде нешто. Еден композитор велеше: „Во сите нас лежи песна. А ние сме тие што ја оформуваме и исфрламе надвор.“ Во случајот со „Парни ваљак“, нашиот колега Хус е волшебник. Тој прави песни од кои, скоро 80 отсто се евергрини. Хус прави вонвременски песни. Така на нашите концерти се наоѓаат по три или четири генерации. Сите овие 40 години се трудевме „Парни ваљак“ да стане синоним за концертен бенд – празник за очи и уши.

**Дали Аки повторно да се роди би бил она што е?**

Секако. Без дилема. Можеби ако имам некој сантиметар повеќе покрај музичар, би бил и манекен (се смее). Музиката е мој живот. Кога ќе ја освоите публиката, тоа е чудесно чувство. Кога имаш добри песни едноставно луѓето ги прифаќаат.

## Најубавиот дел од животот го поминав во Скопје

**Какво е чувството кога настапувате во Скопје, градот каде ги поминавте првите 19 години од животот?**

Многу сум задоволен што после 10-годишна пауза во јуни свиревме во Скопје. За мене тоа место е од посебно значење. Таму го поминав најубавиот дел од животот. Таму е мојата мајка, имам роднини и често патувам во Македонија. За мене детството е најубавиот период од животот и затоа сакам во срцето да сум дете – на тој начин си ја обезбедувам убавината во животот – да бидам темпераментен и весел човек.




**Соработувате ли со колеги од Македонија?**

Секако. Морам да ја издвојам соработката со Гаро во последно време. Прекрасниот проект „Македонското срце чука во 7 осмини“ вклучи многу пејачи од Хрватска – Јосипа Лисац, Масимо, Оливер Драгојевиќ, Нина Бадриќ, Тереза и др. Бев особено горд кога на славеничкиот концерт на Денот на државноста во Македонија на стадионот во Скопје песните ги пееше публиката заедно со изведувачите. Таквата сплотеност во музичка смисла беше едно посебно чувство, од што бев посебно трогнат.

**Што „Парни ваљак“ подготвува ново за публиката?**

Ударна работа ни е одбележувањето на 40 години од формирањето на бендот. По концертот во Шибеник, се враќаме во студио. Имаме веќе снимено 3 песни, а до крајот на годината ќе издадеме компилациски четворократен албум. Ќе бидат опфатени сите 40 години од „Парни ваљак“. Ќе има за секого по нешто.

Милена Георгиевска

# Македонски полицајци повторно во странските тимови на Јадран

Мешовити тимови од странски полицајци за време на туристичката сезона патролираа заедно по Јадранскиот брег. Македонските полицајци и годинава беа вклучени во Далмација, поточно во Шибенско-книнската жупанија. Република Македонија од 2012 година во Хрватска испраќа полицајци кои во голема мерка придонесуваат за безбеден одмор на туристите на Јадран, а воедно го црпат и искуството што Хрватска, како членка на ЕУ, го има.




*Претседателот и потпретседателот на „Хрватско-македонска тангента“, Сашо Георгиевски и Давор Шишак со македонскиот полицаец Драган Саздовски, началникот Ивица Костаниќ и водителот на Службата на полиција, Крешимир Нимац*

Задачите на македонските полицајци во проектот во кој тие им помагаа на своите колеги од Хрватска за време на секојдневната служба, како и унапредување на комуникациите и соработката со туристите, беа теми на разговорот меѓу претставници на невладината организација „Хрватско-македонска тангента“, Полициската управа на Шибенско-книнската жупанија и македонскиот инспектор од криминалистичката полиција Драган Саздовски, кој во јули беше на работа во Хрватска.

- Особено задоволство ни е што и македонски полицајци се вклучени во нашиот проект „Сигурна туристичка сезона“. Целта е странските туристи да се чувствуваат сигурно, но истовремено и да бидат заштитени од туристички криминалитет, како што се кражби на плажи или по хотелски соби и апартмани. Кога ќе видат полицаец во униформа од својата земја, туристите без било какви ограничувања му се обраќаат доколку имаат потреба за тоа, вели началникот на Полициската управа на Шибенско-книнската жупанија, Ивица Костаниќ.

Покрај тоа што дејствуваат при ситни казнени дела, странските полицајци се вклучуваат во случаи на сообраќајки, патролираат и со бродови, издаваат предупредувања за непримерно пловење... Иако, годинава не е толкав бројот на македонските туристи на Јадран, сепак ова искуство со кое се стекнуваат македонските претставници од Министерството за внатрешни работи е драгоцено за Македонија.

Името на инспекторот Драган Саздовски успеа да се најде на листата на странските полицајци поради неговото досегашно богато полициско искуство и познавањето на хрватскиот јазик. На средбата во Шибеник ни рече дека е задоволен од тоа како е примен од страна на хрватските колеги. Работата што конкретно му беше нему доверена ја споделуваше со колешка од Чешка.

Проектот „Сигурна туристичка сезона“ во Хрватска се реализира веќе 6 години, а вклучени се неколку странски земји.

Милена Георгиевска

# Рождество на Пресвета Богородица – Мала Богородица



На 21 септември, нашата света православна црква прославува еден од Богородичните празници. Поточно, го прославува раѓањето на света Дева Марија. Севкупниот живот на овој избран сад Божји е невообичаен. Таа го добива името Марија, што значи испросена, односно, измолена од Бога. Нејзините родители, праведните Јоаким и Ана, ја раѓаат во стари години. Во години, кога според сите биолошки законитости, тие не можеле да имаат пород. Но, кога сака Бог ги победува природните законитости. Ги израдувал овие праведни души со рожба, којашто ќе биде не само радост на нејзините родители, роднини и пријатели, туку и мајка на Севишниот Бог и Спасителот на човечкиот род.

Св. Дева Марија како малечко девојче, на 4 годишна возраст, ќе биде обдарена од Духот Свет да покаже невообичаена сила и можност, сама и без поткрепа на нејзините родители и нивните придружници, да ги искачи големите и високи скалила во Ерусалимскиот храм. Исто така, таа ќе биде пресретната од првосвештеникот Захариј и ќе биде воведена во Светињата над светиите, каде што еднаш во годината влегувал првосвештеникот да принесе жртва за очистување на еврејскиот народ.

За време на една проповед на Христос во синагогата, од народот Му порачуваат: „Ете мајка Ти и браќата Твои, и сестрите Твои, надвор се и Те бараат. А Он им одговори, велејќи: Која е Мојата мајка или кои се браќата Мои?“ (Марко 3, 32 – 33). Од овие зборови можеби некој ќе се зачуди, или уште полошо, ќе се поколеба. Дали е можно Господ Исус Христос да не знаел која е Неговa мајка, па така, да праша? Или, пак, Христос се откажува од Својата телесна мајка? Драги верници, не колебајте се и не возмутувајте се од овие зборови на Господа Христа. Ниту се случило тоа да не ја познавал и не ја признавал Својата телесна мајка, ниту, пак, од неа се откажувал и изразувал непочитување кон неа. Одговорот го дава Самиот Господ Христос во светото Евангелие кога вели: „Оној, кој ја исполнува волјата Божја, тој Ми е брат, и сестра, и мајка!“ (Марко 3, 35). Преку овие зборови, Господ Исус Христос сака да нè поучи, исто онака како што сакал да ги поучи Неговите роднини, кои не биле во доволна мера утврдени и втемелени во Неговите зборови, во Неговата проповед и во Неговото искупително дело. Христос сака да ни каже и да нè поучи дека секој еден кој го слуша и го исполнува законот Божји, тој е Негова мајка, Негов брат и негова сестра.

Оваа, на прв поглед контрадикторна изјава на Господа Христа кон Својата мајка, нè поучува сите нас денес дека сме должни на прв план да го поставиме божественото и светото, а не временото и овоземното. Кога нашите родители, роднини, пријатели и почитувачи нè убедуваат и бараат од нас да се откажеме од обврските кон Бога и нè вовлекуваат во противзаконски дела, нарушувајќи го гласот на совеста, поттикнувајќи нè на спротивставување на вистината и на добродетелите, со други зборови оддалечувајќи нè од Бога, а сето тоа за погибел на нашата душа, тогаш и ние имаме право, и должни сме како христијани, да одговориме со зборовите на Господа Христа, која е мојата мајка, и кои се моите браќа и сестри.

Запаметете, во нас има поубаво и повозвишено сродство. Бог – наш Татко, Црквата – наша мајка. Сите оние што ја исполнуваат волјата Божја, сите светии се наши браќа, или во крајна мера, сакаат да ни бидат браќа. Да не се откажуваме од овие наши возвишени роднини. Да не се одделуваме од доброто и прекрасно семејство. Да ја исполнуваме волјата Божја, место човечката, и само така Господ ќе ни каже: Ова е мојата мајка и ова се моите браќа. Амин!

Протојереј о. Кирко Велински

# ИМЕНКИ (СУПСТАНТИВИ)
## (петти дел)
# ВИДОВИ МНОЖИНА

Во македонската граматика се разликуваат три вида множина: **обична, избројана** и **збирна**.

Со **обичната множина** даваме информација дека станува збор за повеќе од еден предмет или лица што може да се бројат *(писма, ученици, тегли)*.

Со **избројаната множина** се укажува најчесто на два или повеќе предмети, во определено, избројано количество *(два/три/пет збора, клуча)*. Овој вид множина се врзува и со некои количествени прилози, на пример, со неколку.

Со **збирната множина** се нагласува дека едно множество се гледа како целост, а не како сума од избројливи елементи. Спореди: *корење/ корења, лисје/ лисја*.

Обичната и збирната множина ја имаат именките од сите три рода, а избројаната множина е карактеристична само за именките од машки род кои во еднина завршуваат на согласка.

Обичната множина кај именките од машки род се образува со наставките: *-и, -ови/-еви, -вци (-овци)*. Со наставката *-и* множина образуваат повеќесложните, поретко едносложните именки: *гледач – гледачи, родител – родители, коњ – коњи, прст – прсти*. Наставката *-ови/-еви* ја имаат едносложните именки: *број – броеви, кеј – кејови, стол – столови*. Со *-вци (-овци)* множина образуваат личните имиња *(Јаневци, Петревци)* и роднинските именки *(дедовци, стриковци, тетиновци)*.



Множинските форми *ветрови, огнови, браќа, луѓе* се исклучоци од вообичаениот начин на образување множина кај именките од машки род.

Кај именките од женски род обичната множина се образува со наставката *-и*: *вест – вести, гимназија – гимназии, птица – птици*. Исклучок се формите *раце, нозе (од рака, нога)*.

Именките од среден род обичната множина ја прават со *-а, -иња* и поретко со *-и*: *грло –грла, село – села, време – времиња, пиле – пилиња, око – очи*. Посебна форма е *деца (од дете)*.

Именките во избројана множина секогаш одат со некој број или со количествен прилог, а се образуваат со наставката *-а: два/три/ неколку дена, клуча, часа*.

Формите за збирна множина ги имаат наставките *-је, -ја*, а понекогаш *и -ишта: лист – лисје, рид – ридје/ридишта, крај – краишта*.

Треба да се има предвид дека во многу случаи множинската наставка не се додава непосредно на еднинската форма на именката, туку на нејзиниот основен (коренски) дел, при што се јавуваат и различни фонетски и морфолошки промени. На пр.: *белег – белези, Влав – Власи, лист – лисје, предок – предци, уво – уши* и сл.

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според *Македонски јазик*, Просветно дело АД, Скопје, 2001)

# За прв пат настава по македонски јазик и култура во средно училиште

На 30 октомври 2015 година, за прв пат започна со работа изборната настава по македонски јазик и култура (модел Ц) за ученици во средно училиште. Според изготвената наставна програма за средно училиште, на барање на Заедницата на Македонците во РХ истата беше одобрена од Министерството за наука, образование и спорт на РХ. Наставата ќе се одржува во Првата гимназија во Загреб во две групи.

Распоред на одржување наставата:

Почетна група – петок од 14.15 до 15.00 часот
Напредна група – сабота од 14.15 до 15.00 часот

Наставата ја води Тинка Барбутов Крстева, професорка по македонски јазик и книжевност.

**СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ** за следење на наставата можат да се информираат во Првата гимназија, Авенија Дубровник 36, 10 010 Загреб, тел: 01/ 66 01 153 и 01/ 66 01 665 или на е-пошта: info@prva.hr

Е. П.

20 godina sa Vama
AMPER SERVIS
Cvjetna 6, 10370 Dugo Selo  Ispostava: Čulinečka 52, 10000 Zagreb
Instalacije inteligentnih sustava-pametne kuće
Automatizacija, upravljanje i nadzor instalacija u građevinama
Izrada tehničkih riješenja instalacija
*Elektroinstalacije jake i slabe struje *Centralno i podno grijanje *Ventilacija i klimatizacija *Vodovod i odvodnja *Gips kartonski radovi *Elektrostatički podovi *Automatska zaljevanja *Centralno usisavanje *PVC stolarija, inox i crna bravarija
Tel.: 01/2913-194, tel/fax. 01/2913-188, mob.: 0912230 077, 091 4771 777
E-mail:amper-servis@zg.t-com.hr
E-mail:amper-servis@zg.t-com.hr
Direktor : Jonče Ilievski

## Вистински пример за сите



На 28 јули годинава, својот 80. роденден го прослави долгогодишната членка на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек, Весела Стојавиќ. Таа со својата енергија и начин на живот ги воодушевува сите, па за неа се кометира дека претставува вистински пример за сите. Не само што е активна во Друштвото, туку сè уште пее и танцува. По повод нејзиниот роденден во просториите на МКД „Брака Миладиноци“ беше организирано дружење.

J. T.

## Македонците од Хрватска навиваат за Хрватите во Македонија



Од 13-23 август годинава Република Македонија беше домаќин на 12. Европско првенство во ракомет (ЕП) за кадетки (ракометарки до 17 години), а натпреварите се играа во Скопје во СЦ „Јане Сандански“ и СЦ „Борис Трајковски“. На шампионатот настапија 16 репрезентации, меѓу кои беа хрватската и македонската.

Во последниот натпревар со репрезентацијата на Словенија, хрватската женска кадетска репрезентација го освои шестото место на ЕП (24:22). Одлични беа Тена Јапунца со седум и Катја Миколиќ и Ивона Мрѓен со по четири голови. Интересниот натпревар од трибините го следеа и Македонци од Хрватска, навивајќи и бодрејќи ја играта на младите хрватски кадетки.

Ракометарките на Данска се нови шампионки на Европа во кадетска конкуренција, откако во финалето ја совладаа Русија со резултат 25:24, додека третото место го освои Унгарија во натпреварот со Романија (34:31).

За жал, македонската женска кадетска репрезентација го заврши првенството на последното место, со седум порази во седум натпревари. На Македонија ова ѝ беше второ учество на женско кадетско ЕП, а првпат настапи во 2009 година на ЕП во Србија.

Е. П.

## CJENIK REKLAMA I PRETPLATE GLASILA „MAKEDONSKI GLAS"

Cjenik korištenja reklamnog prostora u glasilu:

| FORMAT | CRNO-BIJELO | KOLOR |
|---|---|---|
| 1/1 A4 | 600 kuna | 900 kuna |
| 1/2 A4 | 450 kuna | 600 kuna |
| 1/3 A4 | 300 kuna | 450 kuna |
| 1/4 A4 | 225 kuna | 300 kuna |
| 1/8 A4 | 150 kuna | 225 kuna |

**Pretplata:** godišnja (6 broja) iznosi 60 kuna za Hrvatsku te 120 kuna ili 17 eura za inozemstvo. Kunski žiro račun: Privredna banka Zagreb (PBZ) – IBAN: HR6023400091100038804. Devizni račun za inozemne uplate: PBZ, 703000-256122, SWIFT: PBZGHR2X i IBAN. Adresa: Zajednica Makedonaca u RH, Masarykova 16/1, 10 000 Zagreb, Republika Hrvatska. Potrebno je priložiti potvrdu o uplaćenoj pretplati te ime i adresu dostave glasila „Makedonski glas“.

# Вкусовите на Македонија

## Пилешка крем чорба



**Потребно е:** 400 гр. маринирани пилешки филети, 1 тиквичка, 400 гр. компир, 2 моркова, 1 главица кромид, 2 чешнињa лук, 50 гр. корен од целер, по 50 гр. листови од целер и магдонос, 2 дл. кисела павлака, 1 јајце, 4-5 лажици масло, 3 л. вода, сол, црн пипер и Вегета по желба.

**Подготовка:** Месото се сече на покрупни парчиња, а останатите зеленчуци се сечкаат што поситно. На загреано масло се препржува месото, а потоа се додаваат исечканиот кромид и лук. Се додава околу половина литар вода и се вари додека месото не омекне. Потоа, се налева уште 1 л. вода и се додаваат прво целерот и морковот, па компирот, а последна се додава тиквичката и се вари додека зеленчукот не омекне. Течноста се процедува во друг сад, парчињата месо се сечкаат ситно, а останатиот зеленчук се пасира и сето заедно повторно се враќа во течноста. Се налева преостанатата вода и кога ќе зоврие, се додаваат листовите од целер и магдонос и сите зачини. Во помал сад се мати јајцето со киселата павлака. Се смалува огнот и во чорбата постепено се истура изматената павлака со постојано мешање, па веднаш потоа се трга од огнот.

## Потпечена боранија со месо



**Потребно е:** 500 гр. јунешка кртина, 1 кг. млада жолта боранија, 1 главица кромид, 2 чешнињa лук, 2-3 моркова, 5-6 зелени пиперки, 4-5 домати, 1 китка магдонос, сол, црн пипер, шарена сол и 1 лажица црвен пипер, 1 лажица брашно и масло за запршката.

**Подготовка:** Во сад со загреано масло се става месото сечкано на поситни парчиња да се динста околу 1 час. Кога месото ќе омекне се додава сечкан кромид кој се препржува заедно со месото, а потоа и сечкан морков. Се налева околу половина литар вода, па се додава крупно сечкана боранија. Се продолжува со динстање додека боранијата не омекне и повремено се меша. Потоа се додаваат ситно сечкани пиперки, а на крај излупен и ситно сечкан домат. Се налева малку вода да се прекрие смесата и се вари. На крај се додава ситно сечкан лук, магдонос и сите зачини. Смесата треба да биде што погуста. Јадењето се запржува со подготвената запршка и се пресипува во тава за печење. Се става во претходно загреана рерна на 200 степени да се потпече околу 20 минути или додека течноста не испари. Се служи со кисело млеко.

## Чоко-карамел араванија



**Потребно е:** за пандишпанот: 8 јајца, 300 гр. шеќер, 1 ванилин шеќер, 400 гр. брашно, 1 прашок за печиво, 200 гр. мелени ореви и 3 лажици рендана кора од портокал; за кремот: 500 мл. слатка павлака, 1,5 л. млеко и 400 гр. млеко во прав; за преливот: 250 гр. готов карамел прелив и 100 гр. чоколада за готвење, 100 гр. шеќер, 150 гр. маргарин и 1 ванилин шеќер за чоколадниот прелив.

**Подготовка:** Јајцата се кршат и се одвојуваат белките од жолчките. Белките се матат со миксер во подлабок сад и постепено се додава шеќерот и ванилиниот шеќер. Откако белките ќе ја добијат потребната цврстина, се додаваат жолчките една по една и смесата се мати сè додека не се соедини. Потоа, постојано мешајќи, се додава прашокот за печиво и брашното и на крај, мелените ореви и ренданата кора од портокал. Смесата се става во тава обложена со масна хартија и се пече на 200 степени околу 40 минути. Испечениот пандишпан се боцка со виљушка на повеќе места и се вади од тавата. Во празната тава се става слатката павлака, па пандишпанот се враќа во тавата. За кремот, 750 мл. млеко се зоврива на оган, а во преостанатото млеко се додава млекото во прав, се мати со жица и постепено се додава во зовриеното млеко. Готовиот крем се става врз оладениот пандишпан. На крај, араванијата се премачкува со готовиот карамел прелив и со претходно подготвениот чоколаден прелив.

Е. Петровска











# КОН ТОПЛИОТ И СОНЧЕВ ЈУГОИСТОК











Југоисточниот крај на Македонија е преполн со топлина од сончевите зраци, со медитеранска клима и изобилство на највкусни плодови, со мистериозни древности од минатото и антиката, чии траги се сè уште присутни во секојдневието на денешнината. Поради тоа, невозможно е овој регион да не поседува исклучителна убавина.

Гевгелија се наоѓа на границата со Грција, на 50 м надморска височина во подножјето на планината Кожуф. Има средоземна медитеранска клима и е еден од најтоплите градови во Европа. Со повеќе од 240 сончеви денови во годината, ова поднебје обилува со смокви, калинки, маслинки, мандарини, портокали, лимони...

Од средината на 19. век, па сè до 1912 г., гевгелиските семејства масовно се занимавале со одгледување на свилени буби. Бубите се хранат со листови од дудинка, па така Гевгелија и денес се лади во сенките на ова растение. Постоела и фабрика за преработка на свилениот конец. Свиларството било многу развиено, а свилата што се добивала била многу квалитетна.

Помеѓу Гевгелија и десниот брег на реката Вардар се наоѓа археолошкиот локалитет „Вардарски Рид“, каде се пронајдени остатоци на континуиран живот од крајот на бронзеното време до доаѓањето на Римјаните, разни предмети од метал и керамика, како и богат нумизматички фонд со монети на македонски владетели.

Кожуф (името значи овчарско кожувче од јагнешка кожа), е идеално место за оние во потрага по вистински одмор. Со својот највисок врв „Зелен Брег“ претставува природна граница меѓу медитеранската и континенталната клима. Мештаните велат дека таму кај локалитетот „Момина Чука“ има 33 извора на чудотворна планинска вода и ако се напиете од сите 33, ќе живеете подолго. На надморска височина од 850 м, во густата букова, елова и борова шума, се наоѓа локалитетот „Смрдлива Вода“, каде што посетителите се лекуваат од голем број заболувања со прочуената минерална вода. Посебна атракција за туристите, на патот за Кожуф покрај Коњска Река, е ендемичното растение „гол човек“ (Arbutus andrachne), единствено зимзелено дрво што два пати годишно ја менува својата црвенкава и лушпеста кора. Кога се допира, се има чувство како да се допира нежна човечка кожа. Лисјата му се јајцевидни, а цветовите распоредени како гроздови.

Чистиот воздух, сонцето, природните убавини и историските наоди се извонредна прилика за туристичка посета на овој крај. И без разлика дали ќе одите на скијање или планинарење, на бањски туризам или само на прошетка, оваа еколошка оаза ќе ве маѓепса.

Е. Петровска